**KARATE FEDERACIJA NA MAKEDONIJA**

**KARATE FEDERATION OF MACEDONIA**

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје

Градски парк бб
Кош. сала Работнички
1000 Скопје
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994
www.kfm.com.mk
E-mail:contact@kfm.com.mk

Членка на Светската (WKF), Европската (EKF) и Балканска Карате Федерација (BKF)

До Карате клубовити членки на Карате федерација на Македонија

Почитувани,

Ве информираме дека Извршниот одбор на КФМ на седницата одржана на 13.04.2013 година, ги донесе следните одлуки и заклучоци:

1. Извршниот одбор едногласно го усвои:
   - Записникот од седницата на Извршниот одбор на КФМ, одржана на 16.03.2013 година;
2. Извршниот одбор, едногласно, ги усвои извештаите од следните реализирани активности:
   - Извештаите од Државното првенство за сениори одржано, на 23.03.2013 година, во Скопје, доставени од: Натпреварувачка комисија, Лекарска комисија, Врховен судија, Примож Дебенак, Комесар на натпреварот Никола Панчев, Комесар за безбедност Горан Јакимовски.
     Бидејќи немаше доставено Извештај од Претседателот на Судиската комисија, Благој Атанасов, се задолжи да достави Извештај од натпреварот.
   - Извештаите од Балканското првенство за натпреварувачи од 11-14 години, кадети, јуниори и јуниори до 21 година, одржано од 29-31 март, 2013 година, доставени од: Лекарска комисија, Шефот на делегација – Бесник Мурати, тренерот на Државната репрезентација за кати за кадети, јуниори и јуниори до 21 година, Златко Димоски, тренерот на Државната репрезентација за кати за натпреварувачи од 11-14 години, Ивана Аврамова, Претседателот на Судиската комисија, Благој Атанасов. Извештајот на тренерот на државната репрезентација за кумите, Арлинд Хусеини се усвои со забелешка да достави дополнување на Извештајот со анализа за настап на секој натпреварувач поединечно. Бидејќи немаше доставено Извештај од тренерот на државната репрезентација за кумите 11-14 години, Шефи Речи, се задолжи да достави Извештај од натпреварот.
   - Извештаите од Плеј оффот за сениори одржан на 06.04.2013 година, во Скопје, доставени од: Натпреварувачка комисија, Лекарска комисија, Врховен судија, Примож Дебенак, Комесар на натпреварот Бесник Мурати, Комесар за безбедност Исмет Душки и Претседателот на Судиската комисија, Благој Атанасов.
3. За престојното Европско првенство за сениори, Извршниот одбор ја усвои официјалната делегација во следниот состав: Шеф на делегација – Бесник Мурати, Делегат – Горан Милковски, Тренери на државната репрезентација: Петар Белистојаноски (за борби) и Златко Димоски (за кати), помошници тренери на државната репрезентација: Арлинд Хусеини (за борби) и помошник за кати на предлог

на тренерот на државната репрезентација, Златко Димоски, Лекар на предлог на Лекарска комисија, Боби Војдиновски - судија. Судиите со Европски и Светски лиценици може да бидат пријавени за судење, а трошоците за патување и сместување се на нивен трошок.

4. Извршниот одбор, донесе заклучок, заради подобра организација на Европското првенство за сениори да се направи средба со Шефот на делегација, делегатот, тренерите на државните репрезентации и тренерите на натпреварувачите кои ќе настапат на Европското првенство.
5. Извршниот одбор, едногласно, го усвои предлогот на тренерот на државната репрезентација Петар Белистојаноски, завршните подготовки да се одржат од 27.04.2013 до 04.05.2013 година во Дојран.
6. Извршниот одбор го усвои предлогот од Регистрациона комисија за промена на Правилникот за регистрација. Пречистен текст на Правилникот за регистрација да се достави до клубовите.
7. Во врска со барањето на КК Металург за свикување вонредна седница на Собранието на КФМ со тематска конференција (седница) на која би се расправало за Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на РМ, Извршниот одбор, донесе одлука дека согласно Статутот на КФМ не се исполнети условите за свикување вонредно Собрание и нема правна основа за тоа. Согласно Статутот на КФМ измена и дополна на Правилникот е од надлежност на Извршниот одбор, а предлагачот во дописот не доставил никаков конкретен предлог за кој би требало да расправа Извршниот одбор на КФМ.
8. Во врска со жалбата на одлуката на Дисциплинската комисија на КК Металург, за изреченото Шикаку на Крсте Мишев, Извршниот одбор донесе одлука дека жалбата се одбива.
9. Извршниот одбор донесе едногласна одлука да се прати официјален допис до Балканска карате федерација со кој ќе се бара членот на ИО, Горан Милковски да биде член на Извршниот одбор на БКФ наместо Претседателот на КФМ, Драган Стојановски.

Срдечни поздрави,

.

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Драган Стојановски с.р.